


# СОРАБОТНИК ЗА КОРИСНИЧКА ПОДДРШКА

**Локација:** Скопје

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Служба за канали на дистрибуција, партнерства и ЦРМ

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**континуирана обука и можност за кариерен развој**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**мотивирачка организациска култура**

**активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Информирање на клиентите за производите и услугите за физички лица преку различни канали на комуникација (телефон, e-mail, социјални мрежи, вибер и др.);

Корисничка поддршка на клиентите при користење на платежни картички, електронско и мобилно банкарство и останати банкарски продукти и услуги за физички лица;

Прием и решавање на рекламации од физички лица за електронското и мобилното банкарство на банката кои се однесуваат на заборавена лозинка, начин на логирање и користење на апликацијата, инсталација /блокада/ деблокада на дигитален сертификат;

Прием на поплаки, сугестии и предлози од клиентите и нивно соодветно евидентирање;

Понуда на банкарски производи за физички лица на постоечки и потенцијални клиенти на Банката;

Прием, обработка/проверка и анализа на on-line апликации и контактирање на клиентите кои аплицирале on-line со цел закажување на состаноци со експозитурите.

## Кои квалификации се потребни

ССС/ВСС

Работно искуство со клиенти во банкарскиот сектор ќе се смета за предност

Активно познавање на работа со персонален компјутер (МС Office) и активно познавање на Англиски јазик – говор и писмо

Способност за аналитичко размислување, флексибилност, комуникативност, трпеливост и кооперативност, управување со време, планирање и препознавање на ризикот во работењето.

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **karriera@sparkasse.mk** заклучно со **05.09.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА КОРИСНИЧКА ПОДДРШКА“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!